РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.7ми септември бр.4 тел/045 274 810 e-mail mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **04.04.2011година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 3 – 2011 год**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година**

Се прогласува **Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/ 23
04.04. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 ст 1 т 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр 5/02 год ) и член од статутот на ЕЛС М.Брод (Сл.гласник на општина М.Брод бргод),Советот на ЕЛС М.Брод на седница одржана на ден 29.03.2011 година донесе:

# О Д Л У К А

## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина М.Брод за 2011

### Член 1

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **К20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | "4.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 4.000 | 0 | 0 | 0 |
| **Н10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | 0 | "60.000 | 0 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 0 | 0 | 0 | "5.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | "300.000 | 0 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 0 | 0 | 5.000 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| **Н20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | "50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425210 | Провизија за платен промет | 0 | "1.800 | 0 | 0 | 0 |
| 425230 | Осигурување на вработени (несреќи, живот) | 0 | "1.600 | 0 | 0 | 0 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | "2.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | "2.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 | "2.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | "5.600 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | "8.000 | 0 | 0 | 0 |
| 464210 | Плаќања за сместување на ученици од средно образование | 0 | "60.000 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | "10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | "8.000 | 0 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | "5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 486110 | Купување на моторни возила | 0 | 156.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 0 | 0 | "17.000 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 0 | "15.000 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | 0 | "20.000 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 0 | "20.000 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | "140.000 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | "288.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | "200.000 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 486110 | Купување на моторни возила | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 |
| **В10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | "10.000 | 0 | 0 | 0 |
| **Ђ00** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | "12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | "10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 22.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина М.Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

**Бр. 07-429/3**
**29.03.2011 год.**

**Претседател на Советот на Општина**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**АНЕТА СИМЕСКА ДИМОСКА с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за комунален ред во општина Македонски Брод

Се прогласува **Одлуката за комунален ред во општина Македонски Брод, што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/ 23
04.04. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 7 став 1од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр.45/97, 23/99 , 45/02 ,16/04 и 5/09), член 46 од Законот за снабдување со води за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл. Весник на РМ бр.68/04, 28/06 и 103/08), член 22 став 1 точка 2 и член 43 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ бр.68/04,107/07,102/08,143/08 , 124/10 и 9/11) и член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), Советот на општина Македонски Брод на седница одржана на ден 29 Март 2011 година донесе

# О Д Л У К А
## за комунален ред во општина Македонски Брод

### 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со ова Одлука се уредува комуналниот ред во општина Македонски Брод и се пропиШуваат мерки за спроведување на комуналниот ред на подрачјето на општина Македонски Брод.

**Член 2**

Под комунален ред во смисла на оваа одлука се подразбира поблиску уредување на односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу корисниците и давателите на услуги.

Под мерки за спроведување на комуналниот ред во смисла на ова Одлука се подразбира донесување на програми на општината за вршење на комуналните дејности, утврдување на изворите на средствата за финансирање на комуналните дејности и надзорот над спроведувањето на оваа Одлука.

**Член 3**

Комунални дејности што се уредуваат со оваа Одлука се:

1.Снабдување со вода за пиење;

2. Одведување на урбани отпадни води и атмосферски води;

3. Управување со комуналниот отпад и со другиот неопасен отпад;

4. Одржување на јавна чистота на јавните и сообраќајни површини во урбаната средина;

5.Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни рекреативни новрШини;

6.Одржување на улична сообраЌајна сигнализација и други инфраструктурни објекти ;

7. Одржување на јавно осветлување;

8. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање;

9. Одржување и користење на пазари на големо и мало;

10. Вршење на оџачарски услуги;

11. Одржување на комунални уреди;
12. Украсување на населените места;
13. Одржување на јавни санитарни јазли;
14. Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбана средина;
15. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини;
16. Складирање и чување на градежни материјали без издадено одобрение од надлежен орган.

**Член 4**

Давател на услуги во смисла на оваа Одлука се смета Јавното претпријатие Водовод и Канализација Македонски Брод (во понатомошниот текст: ЈП) и правно или физичко лице кое со дозвола за вршење на дејност извршува комунална дејност утврдена во членот 3 од оваа Одлука.

Дозволата за вршење на комуналната дејност од членот 3 на ова Одлука ја дава Советот на општината.

**Член 5**

Како корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сметаат физички и правни лица кои живеат или престојуваат на подрачјето на општината и имаат седиште, односно вршат дејност на подрачјето на општина Македонски Брод.

**Член 6**

Развојот на комуналните дејности се врши со планови и годишни програми кои ги донесува Советот на општината односно давателот на услуги во согласност со Советот на општината во зависност од видот и начинот на вршење на комуналната дејност.

**Член 7**

Давателите на услугите на комунални дејности должни се да обезбедат трајно и квалитетно вршење на дејностите , да ги одржуваат објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционалана состојба.

Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите на оваа Одлука.

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Снабдување со вода за пиење

**Член 8**

Под снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

**Член 9**

Давател на услуга од член 8 од оваа Одлука е Јавно претпријатие Водовод и Канализација- Македонски Брод.

**Член 10**

Давателот на услугата снабдува вода за пиење со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

За вршење на дејноста од став 1 на овој член,давателот на услугата и корисникот на услугата склучуваат договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 11**

Давателот на услугата утврдува и надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем.

Согласност на висината на надоместокот од претходниот став на овој член дава Советот на општината.

**Член 12**

Давателот на услугата е должен на корисниците на услугата да им обезбеди трајно непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем.

**Член 13**

Нарушување или прекин во давањето на услугата може да дојде во случај на:

- оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила,поголеми хаварии и дефекти;
- недоволна периодична издашност на извориштата;
- здравствена неисправност на водата за пиење;
- прекин во снабдувањето со електрична енергија, таму каде што давањето на услугата е зависна од истата;

Нарушувањето и прекинот во давањето на услугата во случаевите од став 1 на овој член не е основ за барање надомест на штета.

**Член 14**

Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата од член 13 на оваа Одлука.

**Член 15**

Давателот на услугата е должен да врши испитувања на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка согласно со Закон и прописите кои произлегуваат од него.

**Член 16**

Во случаите кога корисниците на услугата не можат да се снабдат со вода за пиење непрекинато над 12 часа, давателот на услугата е должен да ги снабди

корисниците на услугата со вода за пиење на начин што Ќе се утврди со План за начинот на вршење на дејноста во вонредни околности.

Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдување во случаите од став 1 на овој член.

**Член 17**

Одржувањето на водоснабдителниот систем го врши давателот на услугата од денот на добивањето на решението за употреба.

Давателот на услугата е должен да го одржува и водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа:

- водоводната инсталација до водомерна шахта вклучувајЌи го и првиот вентил пред водомерот кај индивидуалните станбени објекти, односно до границата на имотот-локацијата ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или е сместена во подрумски простории;
- водоводната инсталација до надворешниот ѕид од станбениот објект ако главниот водомер се наоѓа во објектот за колективни станбени згради и
- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајЌи го првиот вентил пред водомерот, ако водомерната шахта се наога пред колективната станбена зграда.

Одржувањето на водоводната мрежа на корисникот на услугата е на негова сметка.

**Член 18**

Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителниот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;
- приклучување на водоводната мрежа без одобрение за приклучување;
- поврзување на водоводна мрежа на корисникот на услугата кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок;
- бесправно користење на вода пред водомер;
- приклучување на водоснабдителен систем на објектите кои немаат одобрение за градба;
- самоволно демонтирање и монтирање на водомери.

**Член 19**

Заради заштита на водата за пиење од изворите се воспоставуваат и одржуваат потесна и една или повеЌе пошироки заштитни зони.

Големината и границите на заштитните зони се определува со акт на Советот на општината, во согласност со закон.

**Член 20**

Корисникот на услугата е должен да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услугата заради читање на водомери и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на хидрофорските постројки и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на уличната водоводна мрежа.

Овластениот работник од ставот 1 на овој член должен е да се легитимира.

**Член 21**

Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично, корисникот на услугата е должен во рок од три дена од констатирањето на дефектот за тоа да го извести давателот на услугата.

Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично и не може да се утврди потрошената количина на вода, до поставување на исправен водомер, пресметката и наплатата, Ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка пред констатирањето на неисправноста на водомерот.

Во случаите од ставот 1 на овој член, давателот на услугата на сметка на корисникот на услугата е должен да постави исправен водомер.

Ако корисникот на услугата,во рок од 15 дена не го поправи водомерот или не набави друг водомер,давателот на услугата Ќе го фактурира поставениот водомер на корисникот на услугата.

**Член 22**

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење, во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот.

Давателот на услугата е должен да го прекине снабдувањето со вода за пиење без претходна писмена опомена, во случај, ако:

- продолжувањето со снабдувањето со вода за пиење би претставувало опасност за трети лица или за животната средина и природата, и
- физичко и правно лице бесправно се поврзе на водоводниот приклучок.

Давателот на услугата ќе го прекине снабдувањето со вода за пиење со претходно известување, ако:

- настане поголемо оштетување на водоснабдителниот систем, со цел да се отстранат оштетувањата со што ќе се спречи непотребно трошење на вода и правење штета на друг корисник;
- е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;
- корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
- корисникот на услугата не се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција спрема планот донесен од Советот на општината;
- водоводната мрежа на корисникот на услугата која е приклучена на уличната мрежа, ја поврзе со водоводна инсталација и уреди кои добиваат вода од индивидуални извори и техничка вода, и
- корисникот на услугата бесправно користи вода пред водомерот.

Трошоците за прекинувањето и повторно приклучување од ставот 1 и став 3, алинеи 3, 4, 5 и 6 на овој член паѓаат на товар на корисникот на услугата.

**Член 23**

Надоместокот за потрошена вода во м3 го плаќаат корисниците.

Читањето на водомерите на корисниците се врши месечно и наплатата за потроШена вода се врши месечно.

Чистењето на водомерите го врши ЈП на своја сметка, доколку причина е нечистата вода.

**2. Одведување на урбани отпадни води и атмосферски води**

**Член 24**

Под одведување на урбани отпадни води се подразбира собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и на нив слични простории во агломерот од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителна станица и испуштање во реципиентот, како и чистење на септички јами .

**Член 25**

Канализациониот систем го сочинуваат: колектори, магистрални канали, затворени улични канали, црпни станици и постројки за пречистување на урбаните отпадни води.

**Член 26**

Атмосферската и фекалната канализација се изведува посебно, при што атмосферската не смее да се постави под фекалната, а исто така во атмосферската канализација не смеат да се приклучат отпадни и фекални води.

**Член 27**

Се забранува фрлање на разни предмети во канализационата мрежа,како што се: коски, пепел, гипс, цемент, крпи, песок, мраз и слично, како и материи што можат да предизвикаат експлозија или да ја оштетат мрежата и да го спречат нормалното функционирање било преку куќната канализација,сливникот или преку шахтата.

**Член 28**

Приклучување на јавната канализациона мрежа врши давателот на услугата врз основа на Договор склучен помегу корисникот и давателот на услугата.

Трошоците за приклучувањето на канализационата мрежа паѓаат на товар на корисникот.

Корисникот на објектот може сам да ги изведува другите подготвителни работи за приклучок до границата на неговото земјиште.

Давателот на услугата не смее да врши приклучување на јавната канализациона мрежа на објекти бесправно изградени.

**Член 29**

Корисникот на услугата плаЌа надоместок за приклучување на канализациониот систем, што го утврдува ЈП на која согласност дава Советот на општината.

**Член 30**

Корисникот кој ќе се приклучи на канализационата мрежа преку или од с оседниот имот, по завршување на работите должен е соседниот имот да го доведе во првобитна состојба, како и да ја надомести секоја штета што ја направил со спроведување на приклучокот на канализационата мрежа.

**Член 31**

Корисниците на услугите се должни веднаш да го известат давателот на услугата за оштетувањето или дефектот што ќе настане на канализационата мрежа на корисникот на услугата, односно на внатрешната канализациона мрежа на објектот вклучувајки ја и приклучната шахта.

**Член 32**

Во населените места во Општината во кои постои изградена канализациона мрежа не можат да се градат септички јами, туку објектите се приклучуваат на канализациона мрежа.

Кога се врши приклучување во канализационата мрежа,корисникот е должен постоечката септичка јама целосно да ја испразни, исчисти и дезинфицира.

Септичката јама не смее да се испушта во уличната канализација.

**Член 33**

Во населените места во кои не е изградена фекална канализација испуштањето на фекалните води се врши во изградени септички јами:

- септичките јами од ставот 1 на овој член мора да бидат оддалечени од соседната ограда или јавна површина најмалку 5 метри, а од водоснабдителен објект (бунар, чешма и слично) најмалку 10 метри;
- треба да биде не пропуслива со коритесто дно, со капак за чистење и да има во горната зона отвор за одвод на гасови со помош на цевка;
- треба да има отвор за чистење со пречник од 60 см;
- можат да бидат со кружна форма, изградени со камења, четвртаста форма, изградени од бетон, а капакот треба да биде армирана плоча со дебелина од 10 до 15 см;
- над капакот треба да има слој од земја со дебелина од 50 см, за да се спречи излегувањето на гасовите од јамата и да се заштити септичката јама од температурни влијанија;
- треба да биде со дно од внатре малтерисано со цементен малтер;
- не траба да бидат помали од 10 $м^3$.

Фекалиите и фекалните материи од септичките јами задолжително се изнесуваат со специјална цистерна и се испуштаат во канализациона мрежа на точно определено место.

**Член 34**

Во населбите во кои нема водовод, полскиот клозет може да се гради само од тврд материал зад станбена зграда, односно деловна просторија, а фекалиите мораат да бидат спроведени во септичка јама.

Клозетот и јамата од претходниот став мораат да бидат оддалечени најмалку пет метри од соседниот објект или јавна површина.

**Член 35**

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:

- испуштање на цврсти материи: песок, земја, цемент, вар, камења, дрва,пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран, и други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;

- испуштање на урбани отпадни води, чија концентрација на сулфатниот јон е поголема од 400мг/л, како и урбани отпадни води од септички јами и градски смет во канализациониот систем;

- испуштање на отпадни материи и води кои со своето агресивно дејство ги оШтетуваат ѕидовите на канализациониот систем;

-испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем;

- приклучување на канализационен систем на објектите кои немаат одобрение за градење

- испуштање на отпадни води од домакинства и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација, односно испуштање на атмосферски води во канализациониот систем за отпадни води од домакинства и индустриски отпадни води;

- испуштање на индустриски отпадни води во канализационен систем без претходно извршено потребно пречистување.

**Член 36**

ЈП е должно трајно и непрекинато да врши одведување на урбаните отпадни и атмосферски води, освен во случаи на:

- оштетување на канализациониот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти;

- прекин на снабдувањето со електрична енергија ако давањето на услугата е зависна од истата;

ЈП е должно да ги информира корисниците на услугата за нарушувањето или прекинот во случаите од став 1 на овој член.

**Член 37**

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води, во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот.

Давателот на услугата е должен да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води без претходна писмена опомена во случај ако:

- одведувањето на урбаните отпадни води би претставувало опасност за трети лица или за животната средина и природата

- физички или правни лица бесправно се поврзат на канализациониот приклучок

Давателот на услугата ќе го прекине одведувањето на урбани отпадни води со претходно известување ако:

- е донесено решение од страна на надлежниот инспекциски орган;

- корисникот на услугата на својот приклучок дозволи приклучување на други корисници без одобрение и согласност на давателот на услугата.

Трошоците за прекин и повторно приклучување од ставовите 1 и 3 алинеја 2 на овој член паЃаат на товар на корисникот на услугата.

### 3. Управување со комуналниот отпад и со другиот неопасен отпад

**Член 38**

Под управување со комуналниот отпад и со другиот неопасен отпад се подразбира собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпад вклучувајки го и надзорот на овие операции.

**Член 39**

Давател на услугата од членот 38 на оваа Одлука е ЈП Водовод и Канализација.

**Член 40**

Постапувањето со отпадот мора да се изведува со должно внимание и на начин со кој се избегнува:

1)загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;

2)загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;

3)создавање бучава и непријатна миризба;

4)уништување на природните услови за живот на животните и растенијата;

5)уништување на заштитените природни области и на заштитеното културно наследство;

6)нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони.

**Член 41**

Создавачот и поседувачот на отпадот е должен отпадот:

1)да го селектира,

2)да го складира на места предвидени за таа намена и да го предаде на давателот на услугата.

**Член 42**

Градоначалникот на општината ја определува локацијата за складирање на неопасен отпад во близина на место каде што се создава.

**Член 43**

Доколку сопственикот или корисникот на имотот на кој се наоѓа отпадот не го отстрани или одбие да го отстрани отпадот, отпадот Ќе го отстрани давателот на услугата на трошок на сопственикот или корисникот на имотот.

Доколку отпадот е оставен на приватен имот без одобрение од сопственикот или корисникот на имотот, сопственикот или корисникот на имотот го информира Градоначалникот на општината, кој треба да превземе соодветни мерки против сторителот.

**Член 44**

Правните и физичките лица се должни комуналниот отпад што го создаваат да го оставаат на местата за собирање и селектирање на комунален отпад, определени од Градоначалникот на општината.

Давателот на услугата е должен на местата од ставот 1 на овој член да постават садови за собирање и селектирање на комуналниот отпад.

**Член 45**

Типот, видот и бројот на садовите за отпад согласно со утврдената технологија ги определува давателот на услугата, по претходна согласност на Општината.

**Член 46**

Давателот на услугата е должен отпадот од корисниците на услугите да го изнесува најмалку еднаш во неделата.

Распоредот за изнесување на отпадот по улици и денови во неделата го утврдува давателот на услугата и за тоа на соодветен начин задолжително ги известува корисниците.

Давателот на услугата за евентуалните промени во распоредот од претходниот став задолжително ги известува корисниците најмалку два дена пред промената.

**Член 47**

Давателот на услугата комуналниот отпад го транспортира и депонира на депонијата за неопасен отпад.

Давателот на услугата должен е да обезбеди:

- оградување на просторо;

-издвојување на материи кои можат дополнително да се обработуваат(секундарни суровини);

- покривање на отпадоците со слој од земја во висина од 30см;

- зазеленување на покриените површини со трева и насадување на растенија;

- обезбедување на простории за миење и дезинфекција на возилата за пренесување на сметот, како и за возилата за пренесување на мртовци;

- обезбедување на услови за одржување на личната хигиена на работниците;

- обезбедување на чуварска служба на депонијата.

**Член 48**

Во депонијата, забрането е :
- неовластено и нестручно депонирање на отпадоци од надворешни лица;
- пребарување и изнесување на секундарни суровини од неовластени лица;
- пасење и чување на добиток;
- запалување на отпадоци.

**Член 49**

Животинскиот отпад, како и отпадот од здравствените установи се депонира во депонии изградени за таква намена согласно законот.

**Член 50**

Правни и физички лица кои при изведувањето на градежни преработувачки, занаетчиски работи и други дејности создаваат инертен отпад (градежен шут) кои нема својство на комунален отпад, се должни сами да го соберат и да го транспортираат отпадот на депонијата.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот на општината ги определува местата за третман и отстранување на инертен отпад во согласност со опШтинските планови, за управување со отпад и во согласност со просторните и урбанистичките планови

**Член 51**

Создавачите на комерцијален отпад должни се да склучат посебен Договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината.

**Член 52**

Собирањето и транспортирањето на комунален и други видови на неопасен отпад се врши со специјализирани моторни возила кои што обезбедуваат сигурен и безбеден транспорт на отпадот од местото на неговото собирање до местото на неговата крајна испорака, односно до инсталациите за третман, преработка, складирање или отстранување на отпад.

Давателот на услугата собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да обезбеди најмалку едно специјализирано возило за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад согласно став 1 од овој член.

**Член 53**

Моторните и приклучните возила кои се користат како средства за собирање и транспортирање на отпад треба да имаат исправни уреди и опрема и да ги исполнуваат важечките барања и стандарди за димензиите, вкупните маси и осното оптоварување на возилата и за основните услови кои мораат да ги исполнуваат уредите и опремата на возилата во сообраЌај на патиштата.

Моторните и приклучните возила кои се користат како средства за собирање и транспортирање на отпад треба редовно да се одржуваат во исправна состојба.

**Член 54**

Возилата за собирање и транспортиорање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да бидат соодветно обележани за да може јасно да се види нивната намена и вршителот на јавната услуга.

На бочните страни на возилата треба на воочлив начин да биде напишано назив на претпријатието, со контакт адреса и телефон, а под него да стои намената на возилото I**ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД.**

Натписот на назив на претпријатието треба да биде со димензии најмалку 20х30цм, како и димензиите на натписот I**ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД.**

**Член 55**

Возилото за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да овозможи натоварениот отпад да биде безбеден за транспорт, односно возилото да има соодветен простор каде што е на товарен отпадот и истиот да не се расфрла или да не претекува за време на транспортот, а селективно собраниот отпад да не се меша.

Возилото за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да обезбеди и соодветен простор за сместување на работниците кои што вршат собирање и товарење на комуналниот и на другите видови неопасен отпад во возилото.

**Член 56**

Составен дел на опремата на возилата се и средствата за собирање на расфрлен отпад надвор од садовите за собирање на отпад.

**Член 57**

Работниците кои што вршат собирање на комуналниот и на другите видови на неопасен отпад или празнење на садовите за собирање на отпад во возилото за транспорт треба на себе да носат заштитни средства и опрема согласно прописите .

**4. Одржување на јавна чистота на јавните и сообраЌајни површини во урбаните средини**

**Член 58**

Под одржување на јавната чистота се подразбира: чистење (миење и метење) и одржување на јавни и сообраќајни површини.

Под јавни и сообраЌајни површини од ставот 1 на овој член се подразбираат:

- улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, мостови,паркиралишта а кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај;

- детски игралишта и јавни санитарни објекти и

- бензински и такси станици, автобуски станици во меѓуградскиот сообраЌај, јавни телефонски говорници, отворени простори на јавни објекти, паркиралишта а кои се наплатува надомест, паркови, парк-шуми, улични тревници, градски гробишта, пазари, магацини и складишта на отворен простор, спортско-рекреативни терени (стадиони, стрелишта и сл.), јавни капалишта (плажи, отворени базени, вештачки езера и сл.), патишта, проточни и суви канали, речни брегови и корита и други објекти во урбаните средини, како и чистење на снегот во зимски услови.

**Член 59**

Одржувањето на јавните сообраЌајни површини од членот 58 став 2 алинеја 1 и 2 на оваа Одлука го врши ЈП Водовод и Канализација, а одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраЌајните површини од членот 58 став 2 алинеја 3 на оваа Одлука го вршат сопствениците односно корисниците на кои им е доверено управувањето.

**Член 60**

Одржувањето на јавната чистота се врши во согласност со Годишната програма усвоена од Советот на општината .

Во Годишната програма се определува и приоритетот за чистење на јавните и сообраќајни површини и снегот и мразот.

**Член 61**

Годишната програма содржи динамика, обем, начин и технологија на вршење на работите, поединечни и вкупни вредности, износ на средствата програмирани за извршување на предвидените работи.

**Член 62**

Миењето на јавни и сообраќајни површини се извршува ноќе или во часовите кога фрекфенцијата на возилата и луѓето кои се движат по површините кои се мијат е минимална.

**Член 63**

Се забранува оставање и депонирање на предмети на балконите и терасите на индивидуалните станбени објекти, колективните станбени објекти, деловните објекти и простории и објекти за јавна намена кои се лоцирани кон улица и со кои се менува нивната намена и се нарушува изгледот на околината.

Се забранува перење на килими, теписи, постелнина и други материи на балконите и терасите на индивидуалните станбени објекти, колективните станбени објекти, деловните објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата.

**Член 64**

Јавното претпријатие или правно и физичко лице со дозвола наОпштината го расчистува снегот и мразот на јавните и сообраќајните површини.

**Член 65**

Правните и физички лица се должни да го исчистат снегот и мразот на тротоарите или ако улицата нема тротоар од коловозот на половина улица во целата должина на локацијата пред својот објект.

**Член 66**

Одржувањето на чистотата во становите и станбените објекти, во објектите на правните и физичките лица за вршење на дејност , на земјиштето што им припаѓа за употреба на тие објекти, како и на неизградено градежно земјиште, го вршат сопствениците односно корисниците.

**5. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини**

**Член 67**

Под одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично.

**Член 68**

Парковите, зеленилото (тревници, дрвореди, скверови) парк-Шуми,водни и рекреативни површини и шеталишта ги одржува ЈП (давател на услугата).

**Член 69**

Давателот на услугите е должен да ги одржува во функционална состојба објектите со подигање и садење на ниска и висока вегетација, како и да врши изградба на нови и реконструкција на постојните.

**Член 70**

Одржувањето на објектите од член 68 од оваа одлука се врши врз основа на годишна програма што ја донесува давателот на услугата, на која согласност дава Советот на општината.

**Член 71**

Парковите и зеленилото во дворовите на правните лица, јавните установи и служби се должни да ги одржуваат самите правни лица, установи и служби.

**Член 72**

Доколку во објектите од членот 69 на оваа Одлука или околу нив треба да се извршат одредени градежни работи, инвеститирот е должен пред започнувањето на работите да го извести надлежниот орган на управата на општината за работите од областа на урбанизмот и по завршувањето на работите задолжително објектите да ги доведе во првобитната состојба.

**Член 73**

Се забранува сечење, берење и косење на цвеЌиња, трева, жбунови, гранки и дрвја во парковите, зеленилото и парк-шумите, како и шетање и напасување на добиток и живина, фрлање на отпадоци, течности (освен вода),возење и паркирање на моторни и други возила на овие површини.

На јавните зелени површини не е дозволено: закачување,ковање и потпирање на ракламни паноа, натписи и лепење на плакати по дрвјата.

**Член 74**

На јавни површини може повремено да се поставуваат киосци, рекламни паноа, подвижен мебел (фрижидери за сладолед, автомати и масичка за продажба на пијалоци) само ако тоа е во согласност со Одлуката на Советот на општината.

**Член 75**

На објектите од членот 68 на оваа Одлука може да се одржуваат спортски вежби, приредби, изложби и слично со одобрение на надлежниот орган на управата на општината за работите во областа на урбанизмот.

Организаторот на активностите од претходниот став на овој член е должен објектот да го врати во првобитната состојба или да ја надомести причинетата штета.

**Член 76**

Се забранува уништување и оштетување на уредите и опремата на објектите од член 68 на оваа Одлука, како што се клупите, корпите за отпадоци и слично.

**6. Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти**

**Член 77**

Под одржување на улична сообраЌајна сигнализација и други инфраструктурни објекти се, подразбира одржување на вертикалната и хоризонталната сообраЌајна сигнализација и одржување на други објекти од комуналната инфраструктура во населените места во општината, како што се крпење на ударни дупки, чистење на решетките за прифаќање на атмосферските води, замена на скршените решетки и шахти, зимско одржување и слично.

**Член 78**

Одржувањето на уличната сообраЌајна сигнализација и другите инфраструктурни објекти го врши ЈП или правно или физичко лице со дозвола за вршење на дејноста.

**Член 79**

На уличната сообраќајна сигнализација на објектите на комуналната инфраструктура забрането е:

- оштетување на сообраќајните знаци;
- оштетување на столбовите на сообраќајните знаци;

- оштетување на уличните решетки на атмосферската канализација,шахти и капаците на шахтите на водоводната, канализационата и поштенската мрежа и

- влечење на арматура врзана на шахта, решетка и слично.

**7. Одржување на јавно осветлување**

**Член 80**

Под одржување на јавно осветлување се подразбира одржување на уличното осветлување во населените места во општината.

**Член 81**

Одржувањето на уличното осветлување го врши физичко или правно лице со дозвола за вршење на комунална дејност издадена од Советот на општина Македонски Брод .

**Член 82**

Со правното или физичкото лице од член 81 се склучува посебен Договор за одржување на уличното осветлување во населените места во општина Македонски Брод.

**Член 83**

Уличното осветлување се финансира од средствата што општината ги остварува од комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување.

**Член 84**

Забрането е уништување на улични светилки и канделабри во населените места.

**8. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање**

**Член 85**

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот и објектите кои служат за паркиралишта, давање на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на нивно користење.

**Член 86**

Општината може јавниот простор за паркирање да го даде на одржување и користење на јавно претпријатие или на правно или физичко лице кое врши дејност со дозвола.

**Член 87**

На јавниот простор за паркирање се обележуваат перони за паркирање на возилата и простор за непречено влегување и излегување на возилата.

На просторот од став 1 на овој член се поставува знак за паркинг простор и рампа.

**Член 88**

За користење на јавниот простор за паркирање се наплатува надоместок кој го утврдува давателот на услугата по претходна согласност на Советот на општината.

**Член 89**

Корисниците на јавниот простор за паркирање не смеат да ги оштетуваат објектите на просторот за паркирање.

**Член 90**

На јавниот простор за паркирање е забрането:

- да се паркираат оштетени или неисправни возила;
- да се паркираат возила за кои не е наменет јавниот простор за паркирање;
- да се оставаат приколки за кампување и носење товар и
- да се остави земјоделска, приклучна и друга механизација.

**9. Одржување и користење на пазари на големо и мало**

**Член 91**

Пазариштето на мало во Македонски Брод кое се наоѓа на определен простор со Урбанистичкиот план го оддржува ЈП Водовод и Канализација.

**Член 92**

За користење на пазариштето давателот на услугата наплаЌа надоместок од продажно место.

Согласност на висината на надоместокот од претходниот став дава Советот на општината.

**Член 93**

Давателот на услугата е должен редовно да го оддржува метењето и миењето, особено на продажните места за зеленчук, прехранбени производи и друго.

**10. Вршење на оџачарски услуги**

**Член 94**

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење.

**Член 95**

Оџачарските услуги ги вршат правни или физички лица со дозвола за вршење на дејност (давател на услугата).

**Член 96**

Оџачарските услуги се вршат на барање на сопственикот односно корисникот на објектот.

Трошоците за оџачарските услуги паѓаат на товар на сопственикот односно корисникот на објектот.

**Член 97**

Сопственикот односно корисникот на објектот е должен да побара оџачарска услуга кога неговиот објект и опремата за ложење неможе да ги доведе во исправна состојба сам и тие можат да предизвикаат штета.

**11.Одржување на комунални уреди**

**Член 98**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на чешми, фонтани, часовници, мерни инструменти и други комунални уреди и опрема.

**Член 99**

Одржувањето на комуналните уреди го врши ЈП  ІВодовод и Канализација.

**Член 100**

Поставувањето на комуналните уреди се врши според проектите за партерно уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комуналните уреди.

**Член 101**

На проектите за партерно уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комуналните уреди согласност дава надлежниот орган на Општината.

**Член 102**

Се забранува:

- кршење на уредите и опремата;
- пишување на натписи, шарање или цртање по истите;
- фрлање или оставање на комунален цврст отпад на истите;
- загадување на водата во фонтаните;
- поливање со било какви течности на комуналните уреди.

**12. Украсување на населените места**

**Член 103**

Под украсување на населени места во смисла на оваа одлука се подразбира украсување на населени места со разни украси, светилки и слично, по повод државни празници, нова година и слично.

**Член 104**

Украсувањето на населените места го врши ЈП или правно и физичко лице со дозвола.

Забрането е да се оштетуваат украсите во населените места.

**3. Одржување на јавни санитарни јазли**

**Член 105**

Јавните санитарни јазли ги одржува ЈП Водовод и канализација (давател на услуга).

**Член 106**

Јавните санитарни јазли мора да бидат опремени со соодветна санитарна опрема, да бидат чисти и исправни за употреба.

**Член 107**

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплаќа надоместок, кој го определува давателот на услугата по предходна согласност на Советот на општината.

**Член 108**

Заради заштита на јавните санитарни јазли забрането е оштетување на санитарната опрема.

**14. Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбана средина**

**Член 109**

Во урбаните средини е забрането чување и одгледување на ситна и крупна стока и живина освен домашни миленичина.

Сопственикот не смее да го напушти домашниот миленик.

**15. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини**

**Член 110**

На јавни сообраќајни површини се забранува :

- сечење на дрва;
- складирање на огревно дрво и јаглен;
- складирање и чување на градежни материјали, освен по претходно добиено одобрение од надлежниот општински орган.

**16. Складирање и чување на градежни материјали без издадено одобрение од надлежен орган**

**Член 111**

Во урбаните средини се забранува:

- производство, односно печење на вар и дрвен јаглен;

- складирање и чување на градежни материјали освен по претходно добиено одобрение од надлежниот општински орган.

## 2. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ РЕД

### Член 112

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишни програми за секоја дејност пооделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Годишните програми од ставот 1 на овој член ги донесува Советот на Општината, односно давателот на услуги во согласност со Советот на Општината.

### Член 113

Средствата за финансирање на комуналните дејности од членот 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишните програми од член 112 на ова Одлука.

### Член 114

Средствата за вршење на комуналните услуги се обезбедуваат согласно Законот за локална самоуправа и Законот за комунални дејности и тоа од:

- цената на комуналната услуга;
- Буџетот на општината;
- други средства утврдени со Закон.

## 3. НАДЗОР

### Член 115

Надзор над спроведувањето на одредбите од оваа Одлука врши овластениот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина.

### Член 116

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, овластениот комунален инспектор односно овластен инспектор за животна средина е должен да состави Записник и да го достави на физичкото или правното лице каде што вршел инспекција.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надлежен суд.

### Член 117

Овластениот инспектор по извршениот инспекциски надзор донесува Решение.

Жалбата против решението на овластениот инспектор се поднесува до органот определен со закон.

Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

## 4. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 118**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени во:

- Закон за јавна чистота;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за ж ивотна средина;
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 119**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката за комунален ред на општина Македонски Брод ,бр.149/1 од 30.10.1997 година.

**Член 120**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07-429/4** **Совет на Општина Македонски Брод**

**29. 03. 2011 год.** **П р е т с е д а т е л,**
**Македонски Брод** **Анета Симеска-Димоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4071, Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за усвојување на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ЛП 4071, Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/23
04.04. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 26 т.5 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09 и 18/11 ) и член ___ од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден _____2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4071,Македонски Брод**

**1.Се усвојува Локалната урбанистичка планска докумантација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4071,Македонски Брод-со тех.бр.89/2009 година изработена од страна на ДООЕЛ„Перкан-Проект" од Прилеп со следната содржина:**

**А/ Општ дел**

1.Извод од регистрацијата на друштвото
2.Овластување за изработување на урбанистички планови
3.Овластување за носител на изработување на урбанистички планови
4.Учесници во изработка на планот
5.Решение за согласност за приклучување на НН мрежа
6.Мислење од Министерство за култура
7.Извадоци од геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
8.Извадоци од Услови за планирање на просторот
9.Решение за услови за планирање на просторот
10.Планска програма

**Б./Локална урбанистичка планска документација**

1.**Текстуален дел**
**2..Графички прилози**
**Документациона основа**
- Прегледна карта на поширокиот опфат --------------------------- .М 1:2500
-Ажурирана геодетска подлога-------------------------------------------М 1:500
-Документациона основа---------------- ----------------------------------М 1:500

**Планска документација**
-План на намена на земјиштето и градбите---------------------------М 1:500
-Регулационен план------------------------------------ -------------------М 1:500
-План на површини за градење -------------------------------------------М 1:500
-Синтезен план --------------------------------------------------------------М 1:500

**2.**Графичкиот дел од Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4071,Македонски Брод се чува во одделението за урбанизам и заштита на животната средина при општината Македонски Брод и не се објавува.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.07- 429/5
29.03.2011 год.
Македонски Брод

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска –Димоска с.р**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година во целост го разгледа Извештајот за работа за локален економски развој за 2010 година и Програмата за ЛЕР за 2011 година и по предлог на комисијата за финансирање и буџет , Советот на општина Македонски Брод го усвои извештајот за реализација на Програмата за ЛЕР за 2010година онака како што е предложен со забелешка што не се реализирани суштинските активности во спроведување на истата.
Исто така по предлог на Комисијата за финансирање , буџет и ЛЕР ,Советот при донесување на Програмата за ЛЕР за 2011 година предложи при спроведување на истата приоритет да се даде на спроведување суштински активности содржани во програмата кои би придонеле побрз развој на општината .

БР. 07- 429/ 6
29.03.2011година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Анета Симеска Димоска с.р.

`

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата за локален развој на Општина Македонски Брод за 2010година**

Во текот на 2010 г. Одделението за Комунални дејности и ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваа од Програмата за локален развој на Општина Македонски Брод, а кои имаа за цел да придонесат за подршка на локалниот економскиот развој и го поттикнуваат развојното планирање на општината.

Согласно Програмата за поддршка на локалниот развој и своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, беа базирани активностите за реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2010 година.

**Реализирани активности**:

-Под **точка 1** од Програмата за локален развој беше изработена мапа на градот Македонски Брод, заедо со мапа на целата територија на општината со значајни историски и археолошки локалитети,манастири,цркви,пештери и други обележја.

За таа цел Општина Македонски Брод издвои **168.000,00 денари.**

-Под **точка 4** од оваа Програма беше реализиран проектот„Подобрување на условите за туризам во Македонски Брод: уредување на пристапни патеки до природните убавини-пештерата Пешна“ од страна на Еколошкото друштво„Треска“ од Македонски Брод,во кој проект и Општина Македонски Брод даде свој финансиски придонес од **30.000,00 денари.**

Во контекст на оваа точка Општина Македонски Брод издвои и средства во висина од **52.115,00 денари** за изработка на врати за пештери.

-Под **точка 6** од оваа Програма Општина Македонски Брод врши перманентно ажурирање на веб страницата на општината,а во тек се и подготовки за формирање на општинското гласило.

-Под **точка 7**-„Поддршка и учество на општински промотивните манифестации „Поречки средби",Костенијада" и „Велигденски кули" од оваа програма,општината Македонски Брод несебично ги поддржува и дава свој финансиски придонес.Исто така општината финансиски ги потпомага и културната манифестација„Потписи на срцето" и спортската манифестација „Турнир во мал фудбал".

-Под **точка 15** пак,Општина Македонски Брод може да се пофали со реализација на еден од пообемните ,поголеми и значајни проекти,а тоа е Уредување на централното градско подрачје кој беше избран од страна на граѓаните преку форумски процес,како дел од Програмата „Форуми во заедницата".Со овој проект Општина Македонски Брод покажа дека е зрела демократска општина бидејќи, успешно го спроведе зададениот форумски процес,кој исто така е предвиден со **точка 10** од оваа програма како начин на практицирање и одлучување.

За овој проект Општината издвои сума од **2.441.543,00 денари.**

Што се однесува до другите активности предвидени со Програмата за локален развој на Општина Македонски Брод ,Одделението за комунални дејности и ЛЕР континуирано ги реализира низ своите надлежности и задолженија.

Бр. 07-429/6

Претседател на Совет

29.03.2011год

на Општина Македонски Брод

Анета Симеска – Димоска с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА

# ЗА

# ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

# НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ЗА 2011 Г.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ " бр.5/2002) и член ___ став ____ од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина М.Брод " бр.___),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на _________2011година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ**

**НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2011 ГОДИНА**

## ВОВЕД

Програмата за локален развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот на децентрализација согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање од централно на локално ниво.Во рамките на тие активности подготвена е Стратегија за локален развој на општината Македонски Брод за периодот од 2008 до 2013година,а изготвен е и Акционен план за операционализација на стратегијата .Воедно подготовката на програмата е согласно насоките на Европската Унија за користење на ИПА фондовите,што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

Локалниот развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој и подобрување на квалитетот на животот на сите во заедницата. Локалниот развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности,форми и облици за локален одржлив развој.Со стратешкото планирање на програмата за локален развој на општината Македонски Брод ,локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредното учество од страна на јавните институции,бизнис заедницата и граѓанското општество,преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2011 ГОДИНА

Одделението за комунални дејности и ЛЕР,согласно своите надлежности и задолженија,а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој,според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира Програмата за локален развој за буџетската 2011 година,која пак обезбедува Операционализација на Стратегијата за локален развој.

**1.Изработка на промотивни материјали-брошури**

Општина М. Брод располага со поголем број на природни и туристички локалитети но поради недоволна промовираност има мал број на туристи посетители, намалена вработеност која придонесува до намалување на стандардот на населението. Со реализација на еден ваков проектот се предвидува да се изготви брошура со историски знаменитости и локалитети,цркви,манастири,пештери,традиционални обележја, културно наследство , туристички локалитети и можностите за развој на бизнис во Општина Македонски Брод. Овие материјали би биле дистрибуирани низ нашата држава при што очекуваме да се зголеми бројот на туристите,вработеноста и подигање на животниот стандард на населението.Според Акциониот планирани се 5000 примероци. Моментално Одделението за комунални дејности и ЛЕР работи на проект за изработка на флаери со одредена тематика.

**2.Изработка на инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината**

Општина М.Брод има потенцијал за инвестиции. Но поради немање на доволно информации за нашите потенцијали на идни инвеститори имаме слаб економски развој и туризам. Со инвестициониот водич т.е. од неговата изработка се очекува да се промовира индустриска зона, како и локалитетите за развој на туризмот со пропратни информации за потребните документи за одреден проект.

Со изработката на овој водич се овозможува реализација на мерките и активностите предложени од Советот на Општина Македонски Брод:

-поттикнување на развојот на стопанството во Општина Македонски Брод;

-лесен пристап на информации за стопанските субјекти со што се обезбедува соработка со стопански субјекти од други општини,како и изнаоѓање на пазари на сопствените стопански субјекти.

Исто така за афирмирање на можностите за водење бизнис кои ги нуди општината е и изработката и дистрибуцијата на мултимедијални CD-а, застапеноста на интернет (преку постоечката општинска web страница или изработка на нов портал специјализиран за бизнис).

Како очекуван резултат од оваа мерка е поголема афирмација на бизнис климата во општина Македонски Брод до зголемена атрактивност на општинските бизнис и претприемачки потенцијали.

**3.Отворање на информативен центар за промоција на нашата општина**

Одделението за комунални дејности и ЛЕР во соработка со волонтерот на Мировниот корпус дојде до идеја за развој на проект за отварање на информативен центар за културна и туристичка промоција на нашата Општина.За таа цел Советот на Општина Македонски Брод донесе Одлука за поставување на ваков објект во централното градско подрачје,а Одделението е во фаза на подготовка на овој проект.

**4.Означување на населени места,природни убавини и природни реткости**

Нашата општина има 51 населено место,но состојбата со означување на тие места е загрижувачка.Поради недостигот на знаци за обележување на населените места и природните убавини доаѓа до намалување на бројот на посетителите. Поради овие причини потребно е да се означат населените места и природните убавини. Општината во оваа програма предвидува реализација на овој проект кој ќе се овозможи зголемен број на туристи кои ќе ги запознаат природните и културните богатства на Поречкиот крај со што се зголемуваат можностите за развој на туризмот во нашата Општина.

**5.Урбанизација и изградба на комунална инфраструктура во индрустриската зона**

Општината Македонски Брод не располага со уредена локација за развивање на индустријата, односно таканаречена индустриска зона што претставува еден од виталните предуслови за влез на домашни и странски инвестиции кај нас.Поради тоа општината планира урбанизација и изградба на комунална инфраструктура во индустриската зона, со што ќе се зголеми бројот на вработени во општината и ќе се подобри животниот стандард на населението.

**6.Поврзување на локалитетот Пешна со Девини Кули и изградба на трим патека до чешмата Св.Петка**

Поради неуредените пристапни патеки и нивната не поврзаност има намалена посетеност,на наведените природни убавини.Ваквата состојба пројавува потреба од нивно уредување и поврзување.Особено атрактивно би била поврзаноста на локалитетот Пешна со Девини кули со мост и изградбата на трим патеката до чешмата Св.Петка. Со тоа ќе се овозможи непречен и безбеден пристап до истите, што ќе доведе до зголемена можност за развој на туризмот , промоција на нашиот крај,како и зголемување на вработеноста.

**7.Идентификување ,обележување и мапирање на пешачки и велосипедски патеки**

Општина М.Брод има природни услови за обележување на велосипедски и пешачки патеки. Со реализација на ваквиот проект идентификација, обележување и мапирање на пешачки и велосипедски патеки очекуваме пред се да зголеми развојот на спортот и спортските активности кај населението од нашата Општина и посетеноста на домашни и странски туристи.

### 8.Отварање на Бизнис клуб во рамките на Општина Македонски Брод

Општина Македонски Брод  преку Одделението за комунални дејности и локален економски развој планира да покрене иницијатива за формирање на Бизнис клуб врз основа на ажурирана база на податоци. Преку информативен состанок каде ќе бидат поканети сите претпријатија од Општината , ќе се евидентираат сите заинтересирани страни за формирање на Бизнис клубот. По неговото формирање ќе се назначи одговорно лице од страна на Одделението за ЛЕР кој ќе ги координира и организира активностите на Бизнис клубот. Преку клубот ќе се даваат следите услуги (ќе наведеме само неколку поважни):

- Покренување иницијатива за формирање на Бизнис клуб на претпријатија од Општина Македонски Брод ,
- Организирање на редовни состаноци меѓу Бизнис клубот, претставници од органите на општината и Градоначалникот,
- Поврзување на Бизнис клубот со други Бизнис организации,
- Подготовка на разни манифестации од сферата на бизнисот,
-Организирање и спроведување на обуки, работилници и семинари наменети за кадарот во стопанските субјекти во соработка со други надлежни институции и организации (пример Управување со човечки ресурси, правна помош на фирмите итн.),

Со тоа се овозможува подобрување на бизнис климата во општината преку отварање на нови бизниси и проширување и развивање на постоечките преку зацврстување на соработката помеѓу локалната самоуправа и бизнис секторот и негово префрлање на едно ново, повисоко квалитативно ниво

### 9.Формирање на општинско информативно гласило и ажурирање на општинската Веб страница

Единицата на Локалната самоуправа Македонски Брод се залага за јавно,демократско и транспарентно работење.За таа цел со оваа програма се предвидува да се состави тим од локалната самоуправа кој би изготвувал општинско информативно гласило.Содржината на ова гласило ќе биде исполнета со активности и случувања во рамките на Општина Македонски Брод,а временската динамика на излегување од печат на секои три месеци.Во интерес на транспарентноста нашата општина има и своја Веб страница која тековно ке се ажурира од страна на лице од локалната самоуправа назначено за таа цел.

### 10.Поддршка и учество на општински културни и спортски промотивни манифестации

Промотивните манифестации како што се “Поречки средби”, “Костенијада”и “Велигденски кули” овозможуваат организирано претставување и промовирање на поречката традиционална храна,поречките обичаи и носии кои се доста специфични и атрактивни.Општината Македонски Брод активно се вклучува во организирањето и реализирањето на овие манифестации.Како културна манифестација исто така е и манифестацијата „Потписи на срцето“која Општина Македонски Брод финансиски ја поддржува,а треба да се спомене и спортската манифестација „Турнир во мал фудбал“.

### 11.Учество на Саемот на општините во Република Македонија

Општина Македонски Брод во 2011 година планира да земе активно учество во Саемот на општините, што се организира од страна за ЗЕЛС, со цел промоција на специфичностите и карактеристиките на општините во Република Македонија.Оваа година нашата Општина ќе формира свој организационен тим и ќе се претстави со сопствен штанд.Општините на овој саем ги презентираат нивните активности,постигнати резултати и идни проекти и граѓаните имаат можност да се запознаат поблиску со работата на општините.Општините пак имаат можност да развијат меѓуопштинска соработка и размена на искуства и идеи.

### 12.Активна соработка со невладини организации и бизнис секторот и поттикнување на јавни-приватни партнерства

Општина Македонски Брод во текот на целата година е отворена за соработка со НВО и бизнис секторот,Месни заедници и Здруженија на граѓани со цел развојна соработка и партнерско развивање на проектни предлози и идеи како и финансирање на издржани и оправдани проекти од помал обем.Општината Македонски Брод преку Одделението за Лер и комунални дејности,планира да покрене иницијатива за формирање на Бизнис клуб врз основа на ажурирана база на податоци.Преку информативен состанок каде ќе бидат поканети сите претпријатија од општината,ќе се евидентираат сите заинтересирани страни за формирање на Бизнис клубот.Формирањето на овој клуб би придонел за подобрување на бизнис климата во општината и зацврстување на соработката на локалната самоуправа со бизнис секторот.Одделението за Лер и комунални дејности исто така има за цел поддршка и помош на НВО и заедницата за решавање на своите проблеми,нудење можности и идеи за креирање подобра иднина за себе и општеството.

### 13.Организирање на разни форуми и состаноци со заинтересираните граѓани и НВО за разни отворени прашања во општината

Одделението за комунални дејности и ЛЕР има заложба за поттикнување на граѓанското учество во процесот на креирање локална политика. Остварувањето на истото може да се спроведе во повеќе форми, а како проверени во праксата се смета организирањето на разни форуми и состаноци на кои би се дискутирало, па и дебатирало на разни отворени и актуелни прашања во општината.

Со ова се доаѓа до добивање на поквалитетни решенија и проекти преку вклучувањето на граѓаните и нивните организации кои сега, освен како крајни корисници, се појавуваат и како активни чинители во процесите на креирање и одлучување во локалната политика.

**14.Локално учество за реализација на проектни активности како и во подготовка и реализација во меѓународни проекти согласно дефинираните приоритети предвидени со Стратегијата за локален развој на општината Македонски Брод**

Планирањето на локалниот развој,неминовно ја бара потребата од вклучување на Локалната Самоуправа во подготовка и реализација на проекти како на домашно ниво така и на меѓународно.Ова е посебно важно поради фактот дека можноста за користење на Европските фондови(ИПА аранжманите) неминовно го наметнува условот за финансиска партиципација на нашата Општина.Што се однесува пак на домашно ниво,Општината планира целосно,партиципативно или партнерско финансирање  и имплементирање на проекти од сите области со цел за одржлив локален развој.

Одделението за комунални дејности и ЛЕР по препорака од Советот на општината во својата Програма ги вметнува и следните мерки и активности:

-Поттикнување и развој на стопанството;

- Поттик и поддршка и на странски партнерства со стопански субјекти од нашата општина;

-Изнаоѓање на соработка и пазар на сопствените стопански субјекти

-Обезбедување на услови и начини за лесно и брзо добивање на документација за изградба на производни погони.

**Бр. 07-429/6** **Претседател на**

**29.03.2011 година** **Совет на Општина Македонски Брод**

**Анета Симеска – Димоска с.р**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011г во целост го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2010година и по предлог на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина , Советот донесе заклучок да го усвои извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2010година со забелешка дека нема извршено миење на улиците.

Исто така по предлог на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина , Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок да ја усвои како што е предложена Програмата за одржување на јавна чистота за 2011 година.

Бр.07- 429/16
29.03.2011година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател
Анета Симеска Димоска с.р

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

### СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

### ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

### За реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Македонски Брод за 2010година

**I.Вовед**

Општина Македонски Брод,согласно чл.12 од Законот за јавна чистота(Сл.весник на РМ бр.111/03.09.2008год.)секоја година изготвува Програма за одржување на јавната чистота.
Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува чистење на јавните површини и е во зависност од повеќе фактори(густина на населението,степен на нечистотија,степен на пречки,инфраструктурни,сообраќајни услови,фрекфенција на луѓе и моторни возила).
Програмата има за цел да одговори на предизвикот-одржување на јавната чистота.
За таа цел одржувањето на јавната чистота е поделено во неколку дела:динамика,начин и временски рокови за вршење на работите,како и вршење на повремени работи.
За реализација на програмата за одржување на јавната чистота,Локалната самоуправа има договор со ЈП„Водовод и канализација“.

**II.Реализирани активности:**

-Соработка со ЈП„Водовод и канализација“
-придржување до организациониот план за чистење според категоризација на јавните површини
-собирање смет

-чистење на пазарот
-чистење на детските игралишта
-чистење на сливници и канали
-чистење на снег

Во текот на 2010 година ЈП„Водовод и канализација“се придржуваше до Програмата за одржување на јавната чистота.
За подобрување на јавната чистота Локалната самоуправа преку Министерството за животната средина,изминатава обезбеди 25 контејнери и 50 канти за отпад.
Финансиските средства кои ги издвои локалната самоуправа за реализација на оваа програма се во износ од 3 096 000денари.
Бидејќи одржувањето на јавната чистота е процес кој се врши во континуитет нејзиното одржување и за оваа година продолжува според законските прописи.

**Бр.07-429/16**
**29.03.2011г.**

**Претседател**
**на Совет на Општина Македонски Брод**
**Анета Симеска-Димоска с.р**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота(Службен весник на РМ бр 111/08),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.03.2011 година,донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2011година**

**I.Вовед**

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2011 година и тоа:

- Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување, динамика, начин на вршење на работите ,одржување и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Одржувањето на јавната чистота е во зависност од **:**

- густина на населеност
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки( паркирани возила и друго)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива,која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од **:**

- Машинско и рачно метење и миење на улиците како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота,
;
- Празнење на уличните корпи за отпад кои ќе се постават во поширокото централно градско подрачје;

- Одржување на јавните површини во зимски услови.

**II.Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дежурни метачи.**

Дежурните метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје, односно на ул.”Маршал Тито”, на ул. “Партизанска”,тротоарите, на плоштадот и кај паркот и празнење на уличните корпи за отпад и уличните пепелјари и тоа од 7до15 часот пет дена во седмицата.
Еднаш неделно на градскиот пазар (петок),
Два пати неделно на детските и спортските игралишта.

Чистењето на одводните канали и сливниците за атмосферски води ќе се врши по потреба или еднаш месечно.

Периферните делови на градот ќе бидат поделени на три реони и нивното чистење ќе биде два пати седмично.
**Реон I** ( населба Расадник) ги опфаќа следните улици и нвното чистење ќе се врши во понеделник и четврток:

ул.”15 –Бригада”
ул.” Мирче Ацев”
ул. “Јане Сандански”
ул.”Поречка”
ул.”Михајло Пупин”
ул.”Песјак”

**Реон II** (населба Кале ) ги опфаќа следните улици и чистењето ќе се врши во вторник и петок:

ул”Илинденска”
ул.”Васко Карангелески”
ул.”Димитар Влахов”
ул.”7-ми Септември”
ул.”Кузман Јосифовски –Питу”
ул.”8 –ми Септември”

**Реон III** (Нова населба) ги опфаќа следните улици и чистењето ќе се врши во среда и сабота:

ул.”Илија Игески”
ул.”Кирил и Методиј”
ул.”11 –ти Октомври”
ул.”Ѓорче Петров”
ул.”Душан Митрески”
ул.”Браќа Миладиновци”
ул.”Крушевска Република”
ул “Пролетерска”
ул.”Кочо Рацин”
ул.”4 –ти Јули”
ул.”Првомајска”
ул.”Никола Карев”
ул.”Даме Груев”
ул.”Вук Караџиќ”
ул.”Сава Ковачевиќ”
ул.”25 –ти Мај”
ул.”Ѓуро Ѓаковиќ”
ул “Иво Лола Рибар”
ул.”Пере Тошев”
ул”.Ленинова”
ул.”Гоце Делчев”
ул.”Питу Гули”
ул.”Страшо Пинџур”
ул.”Јуриј Гагарин”
ул.”Сремски фронт”

ул.”Руѓер Бошковиќ”

Миењето на улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од месец Јуни па се до крајот Септември .Интензитетот на миењето ќе биде еднаш седмично во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.
Во летниот период во време кога има бујна вегетација покрај тротоарите ,ЈП ќе ги коси тревнатите површини.За таа цел потребно е да набави две косачици т.н стилки(кои може да се користат не само за косење туку и за кастрење и се достапни на секое место.)
ЈП "Водовод и канализација" должно е да го собира отпадот од детските игралишта еднаш неделно.
Во зимскиот период во услови на снег дежурните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и плоштадот како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација.
Исто така ќе вршат посипување со индустриска сол,машински и рачно.
Посипувањето со сол да се врши и пред главните влезови на јавните установи.

Чистењето на јавните објекти , дворни површини ,колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции два пати годишно и тоа еднаш напролет и еднаш наесен ,со претходно известување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации,собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности.

Во населените места(руралните средини-Самоков) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднаш седмично.
ЈП "Водовод и канализација" –Македонски Брод се задолжува да го одржува водоводот во с.Ижиште и с.Ореовец и да го собира сметот во с.Ижиште,с.Ореовец,с.Сувидол и с. Долни Манастирец.

Во текот на 2011година покрај редовните активности се планираат и низа други активности во соработка со еколошкото друштво “ТРЕСКА” , а една од активностите ќе биде и едуцирање на граѓаните и поттикнување за примарна селекција на отпад.За таа цел ќе се прават напори да се обезбедат контејнери за селекција на пластичниот и картонскиот отпад.

**III.Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли**
Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на улични корпи за отпад,почнувајќи од централното градско подрачје кон периферните делови на градот,особено на пофрекфентните места во градот (пред училиштата, кај детските игралишта,кај болницата и на сл.места)
За одржување на јавната чистота меѓу другото ќе се изградат и јавни санитарни јазли,кои во моментот ги нема.

**Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одредуваат месечно,според согледувањата на терен,од страна на Секторот за урбанизам ,комунални дејности,ЛЕР и животна средина.Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие,а се одобруваат од Секторот за урбанизам ,комунални дејности,ЛЕР и животна средина.

**IV.Финансиски средства**

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Македонски Брод се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет ,согласно Одлуката за за одржување на јавната чистота**(**Сл.гласник на општина МБ бр.07-202/8 од 26 .02.2010) **,** а се предвидени средства во буџетот на Општина Македонски Брод за 2011година во висина од 3. 100 000 денари.
Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини,поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за урбанизам ,комунални дејности ЛЕР и животна средина и се финансираат од страна на организаторот,согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

**V.Извршител на Програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП "Водовод и канализација" – Македонски Брод.
ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод,изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот на извршителите, ангажираната механизација,динамиката и степенот на услугата,како и финансиските показатели.

**VI.Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежниот општински орган - Сектор за урбанизам ,комунални дејности,ЛЕР и животна средина.
Инспекциски надзор,над извршувањето на Програмата врши комуналниот инспектор на Општина Македонски Брод.

**VII.Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод."

**Бр. 07-429/16**
**29.03.2011 година**

**Претседател**
**на Совет на Општина Македонски Брод,**
**Анета Симеска – Димоска с.р.**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# П Р О Г Р А М А

## За урбанистичко планирање на територијата на Општината Македонски Брод за 2011 година

Март- 2011 Македонски Брод

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ " 51/05,137/07 , 91/09,124/10 и 18/11) член 22 став 1 и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ " бр.5/2002) и член ___ став ____ од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод " бр.___),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.03.2011 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2011 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Со оваа Програма се уредува :

**1.Урбанизација**
**2.Извори на финансирање на Програмата**
**3.Средства наменети за урбанистичко планирање**
**4.Динамика за извршување на програмата**
**5.Преодни и завршни одредби**

### 1.УРБАНИЗАЦИЈА

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како на градот така и на целата општина.Со спроведување на горе спомenатите поставки локалната самоуправа ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистишкото планирање во 2011 година би требало да се реализираат следните активности:

**-Ревизија на постојниот Генерален урбанистички план за Македонски Брод**

**-Ревизија на постојниот Детален урбанистички план за Македонски Брод „Блок-1" и „Урбан Блок-6"и негово прилагодување на постојниот ГУП и законската регулатива.**

**-Изработка на детални урбанистички планови за урбани единици каде досега нема донесено ДУП-ови.**

**-Изработка на Урбанистички план за село**

**-Изработка на урбанистички план за вон насело место и**

**-Утврдување потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација.**

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е да се изработат:

## А.ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

Потребно е да се изврши ревизија на генералниот урбанистички план за Македонски Брод заради усогласување со новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ " 51/05 ,137/07, 91/09 124/10 и 18/11).Истото е потребно и заради усогласување со одредени барања и решавање на проблемите на граѓаните за намена на површини и сообрајќајници согласно законската регулатива.Во исто време потребно е да се извршат одредени анализи за можно проширување на урбаниот опфат на градот.

## Б.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Дел од постојниот Детален урбанистички план за градот не се усогласен со новата законска регулатива за што е потребно ревидирање и истиот и е во фаза на Нацрт-План:

**-Дел од Македонски Брод„Урбан Блок 1" и Урбан Блок 6".**

**Исто така се планира да се изработат ДУП-ови и за делови од градот кои досега не биле опфатени со планска урбанистичка документација:**

**-Дел од Македонски Брод населба „Старо село"**

**-Дел од Македонски Брод населба „Под крај"(објекти лево од патот за резервоар)**

## В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Во нашата општина постои урбанистичка документација за неколку села, која сега треба да се усогласи со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на урбанистички планови за села.Исто така потребно е донесување на нови урбанистички планови за села и тоа за:

**-Урбанистички план за с.Самоков**
**-Урбанистички план за с.Брест**
**-Урбанистички план за с.Здуње**
**-Урбанистички план за с.Близанско**
**-Урбанистички план за с.Горна Белица**
**-Урбанистички план за с.Требино**
**-Урбанистички план за с.Требовље**
**-Урбанистички план за с.Суви дол**

## Г.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место согласно чл.13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон од градот и другите населени места.Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна стедина и просторно планирање, нивното донесување ќе биде согласно наведените законски процедури и изработена Планска програма за следните локалитети:

**-Урбанистички план за вон населено место „Викенд зона Долна Брезница Блок-1 и Блок-2",**

**- Урбанистички план за вон населено место с.Близанско**

**- Урбанистички план за вон населено место„Викенд зона Долна Белица“**
**- Урбанистички план за вон населено место„Викенд зона Долно Тажево“**
**- Урбанистички план за вон населено место м.в.„Пешна“ КО Локвица**
**- Урбанистички план за вон населено место с.Долно Ижишта**
**-Урбанистички план за вон населено место за поставување на сончеви колектори за производство на електрична енергија во непосредна близина на локацијата „Алкалоид“во Македонски Брод**
**- Урбанистички план за вон населено место за изградба на стопански катацитети по барање на заинтересирани инвеститори на подрачјето на општината Македонски Брод .**

**Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

По барање на правни и физички лица Советот на општината Македонски Брод ќе утврдува потреба од донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти вон населени места согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

## 2.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Македонски Брод се финансира од Буџетот на општината Македонски Брод за 2011 година и од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма.

## 3.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Македонски Брод ја финансира Програмата за изработката на урбанистишки планови со средства предвидени во Буџетот за 2011 година во износ од 1.000.000,00 денари.

## 4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови , од приливот на средства од надоместокот за комунално уредување на градежно земјиште,средства согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и други средства од правни и физички лица.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.07-429/ 8
29.03.2011год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Советот на Општина Македонски.Брод
Анета Симеска- Димоска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за сопствено учество во изградба – модернизација на локален патен правец Самоков-Ковач општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за сопствено учество во изградба –модернизација на патен правец Самоков – Ковач општина Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/ 23
04.04. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член ___ т.___ од Статутот на општината Македонски Брод,(Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002год) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За изградба-модернизација на Локалниот патен правец Самоков -Ковач општината Македонски Брод**

Член 1

Советот на општината Македонски Брод го разгледа барањето од жителите на МЗ с.Ковач општнина Македонски Брод , ценејќи ги фактите и потребата на граѓаните за овој патен правец даде приоритет и одобрува изградба- модернизација на:

-Локалниот патен правец Самоков-Ковач во должина од 1,3 км**.**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општината Македонски Брод“.

Бр.07- 429/9
29.03.2011 год.
Македонски Брод

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска-Димоска с.р**

Врз основа на член ___ т.___ од Статутот на општината Македонски Брод,(Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002год) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден _________2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За сопствено учество во изградба-модернизација на Локалниот патен правец Самоков -Ковач општината Македонски Брод**

Член 1

Општината Македонски Брод учествува во изградба- модернизација на Локалниот патен правец Самоков-Ковач и тоа со/

- Изготвување на техничка документација
- Решавање на имотно правни работи
- Пробивање на трасата

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општината Македонски Брод“.

Бр.07- 429/10
29.03..2011 год.
Македонски Брод

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска-Димоска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за довршување на локалниот водовод за с.Грешница општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за довршување на локалниот водовод за с.Грешница општина Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/21
04.03. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р

Врз основа на член ___ т.___ од Статутот на општината Македонски Брод,(Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002год) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден _________2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За довршување на локалниот водовод**
**за с.Грешница општина Македонски Брод**

Член 1

**Се одобрува довршување на локалниот водовод за с.Грешница општина Македонски Брод согласно Основниот проект тех.бр.78/2002 година изработен од ДООЕЛ„Перкан-Проект“ од Прилеп по договор со избраниот изведувач.**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општината Македонски Брод“.

Бр.07- 429/_11
29.03..2011 год.
Македонски Брод

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска-Димоска с.р**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година по доставеното барање од страна на ООУ,,Кл.Охридски,, - М.Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на ученици за учебната 2010/11 г согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта а врз основа на чл.34 ст. 4 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ бр.103/08/33/10 и 116/10 ) донесен од страна на Министерството за образование и наукана РМ бр.10-404 /1 од 01.11.2010 година , Советот на општина Македонски Брод согласно горе наведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на еднодневна екскурзија на учениците од III одделение планирана од страна на училиштето.

Бр.07- 429/12
29.03.2011год
Македонски Брод

Советот на општина

П р е т с е д е т е л,
Анета Симеска Димоска с.р

Советот на општина Македонски Брод  на седницата одржана на ден  29.03.2011 година  по  доставеното барање од страна на ООУ,,Кл.Охридски,, - М.Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година врз основа на поднесената  Програма за изведување на екскурзии на ученици за учебната 2010/11 г  согласно Правилникот  и начинот на изведување  на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните  училишта  а врз основа на чл.34 ст. 4 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ бр.103/08/33/10 и 116/10 ) донесен од страна на Министерството за образование и наукана РМ бр.10-404 /1 од 01.11.2010 година  , Советот на општина Македонски Брод согласно горе наведеното  донесе  заклучок за давање на  **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на дводневна екскурзија на учениците од VI одделение  планирана  од страна на училиштето.

Бр.07- 429/12
29.03.2011год

РСоветот на општина Македонски Брод
П р е т с е д е т е л,
Анета  Симеска Димоска

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година по доставеното барање од страна на ООУ,,Кл.Охридски,, - М.Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на ученици за учебната 2010/11 г согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта а врз основа на чл.34 ст. 4 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ бр.103/08/33/10 и 116/10 ) донесен од страна на Министерството за образование и наукана РМ бр.10-404 /1 од 01.11.2010 година , Советот на општина Македонски Брод согласно горе наведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на тродневна екскурзија на учениците од VIII одделение планирана од страна на училиштето.

Бр.07- 429/14
29.03.2011год

Советот на општина Македонски Брод
П р е т с е д е т е л,
Анета Симеска Димоска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за финансиско учество во проект од Програмата „Форум во заедниците“**

Се прогласува **Одлуката за финансиско учество во проектот од Програмата „форум во заедниците, што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/ 23
04.04. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р

Врз основа на Упатството за пријавување на општините за буџетски форум од Програмата „Форуми во заедницата“,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.03.2011година,ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За финансиско учество во проект од Програмата „Форуми во заедницата“**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод одлучи,доколку општината биде избрана општина во која ќе се реализира проект од Програмата „Форуми во заедницата“ ќе учествува со два вида финансиски придонеси и тоа:

-учество во процесот – освежување на учесниците,надоместоци за Оперативната група,трошоци за односи со јавност,превод(доколку е потребно),превоз,простории за одржување на форумите итн.

-учество во проектниот фонд во износ од 2.400.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата предвидени за првиот финансиски придонес,односно за учество во процесот ќе бидат обезбедени од буџетската ставка –Други оперативни расходи,додека

-средствата предвидени за вториот финансиски придонес,односно учество во проектниот фонд,ќе се обезбедат од буџетската ставка –Изградба на автопати,улици и патишта.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр.07-429/15
29.03.2011

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод,**
**Анета Симеска – Димоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за отуѓување на училишната зграда во с.Могилец општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отуѓување на училишната зграда во с.Могилец општина Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.03.2011 година.

Бр.08 - 429/23
04.04. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески

Врз основа на член 79 од Статутот на општина Македонски Брод,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За оттуѓување на училишната зграда во с.Могилец општина Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година донесе одлука за оттуѓување на училишната зграда во с.Могилец **општина Македонски Брод кое е неактивно**.

2.Продажната цена не смее да биде помала од пазарната вредност која ќе биде утврдена од страна на комисијата за проценка на пазарната вредност.

3.Продажбата ќе се спроведе по пат на усно и јавно наддавање по претходно објавен јавен оглас во дневните печатени медиуми.

4.Средствата што ќе се добијат од продажбата на објектот треба да се инвестираат во стекнување на нов имот на општината или за реконструкција на постојниот имот.

5.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-_429/17
**29.03.2011год**
**М.Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година по дискусија од страна на Градоначалникот и советниците донесе Заклучок со кој се задолжува ЈП„Водовод и канализација „- М.Брод за чистење на речното корито по течението на река Треска во централното градско подрачје кое зафаќа простор до 10 метра на левата и десната страна од речното корито.

Со овој заклучок да се запознае и ЈП„Водовод и канализациј„- М.Брод.

Бр.07- 429/18
29. 03.2011година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател
Анета Симеска Димоска с.р

По барање на Еколошкото друштво ТРЕСКА од Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 март 2011 година,донесе

**З А К Л У Ч О К**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година во целост го разгледа барањето поднесено од Еколошкото друштво ТРЕСКА од Македонски Брод и донесе ЗАКЛУЧОК, Секторот за урбанизам , комунални дејности и заштита на животната средина од општина Македонски Брод да излезе на лице место и донесе решение за отворање на пристапен пат до пештерата Пешна во должина од 150 метри од асфалтниот пат за село Локвица до изградената патека. Се задолжува корисникот на земјиштето АД Пешна од Македонски Брод да ја помести оградата од магацинот за 2 метри заради пристапност до пештерата во рок од 15 дена од приемот на заклучокот.

Доколку не биде остранета оградата,општина Македонски Брод ќе биде приморана да ја помести оградата на сметка на корисникот на земјиштето.

Бр.07-429/19 Совет на општина Македонски Брод

29.03.2011година Претседател,

Анета Симеска-Димоска с.р

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година по дискусијата и излагањата на советниците , Директорот на СОУ „ Наум Охридски „- М.Брод и претставникот на Полициска станица М-Брод донесе ЗАКЛУЧОК за констатација дека до ескалирање на ситуацијата и случувањето на немилиот настан дошло заради ненавремено реагирање и несериозен пристап кон проблемот на неколкуте инциденти кои предходеле на овој настан од страна на одговорните лица . Од тие причини Советот донесе Заклучок :

- Да се превземат дополнителни мерки на безбедност како обезбедување на 24 часовен видео надзор
- зајакнување на дежурствата од страна на професорите
- се задолжува директорот на СОУ да ги превземе сите мерки што стојат на располагање согласно Законот за подигнување на дисиплината , безбедноста превземање на педагошки мерки за смирување на тензиите и подобрување на квалитетот на наставата
- се задолжува Полициска Станица- Македонски Брод да ги превземе сите мерки за безбедност согласно Законот надвор од училишниот двор и во кругот на двете училишта
- се задолжува директорот за комплетна контрола над превозот за учениците и почитување на договорот доколку има некаков проблем да го извести Градоначалникот .

- потребно е зголемување на соработката помеѓу директорот на СОУ, УО , Совет на родители при СОУ , ПС и Локалната самоуправа и Советот на општина М.Брод .

БР. 07- 429/20<br>29.03.2011година

Совет на општина Македонски Брод<br>П р е т с е д а т е л,<br>Анета Симеска Димоска

`

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година по опширна дискусија од страна на советниците донесе Заклучок за задолжување на ЈП,,Водовод и канализација,,- М.Брод и тоа /

- во рок од три месеци да се направи ревизија на корисниците на услуги на вода и задолжување на сите корисници кои плаќаат паушал да овозможат утврдување на состојба со читање на водомер( задолжително поставување на водомери)
- отстранување на дефект на водоводна цевка на ул.Јане Сандански над основното училиште
- отсранување на дефект на водоводна цевка на ул,,Михајло Пупин,,
- отсранување на дефект кај магицин поранешна Бушва Чешма наспроти стара аптека
- чистење на затрупана решетка за атмосферски води на ул.М.Ацев

Со овој заклучок да се запознае и ЈП,,Водовод и канализација,,- Мак.Брод

Бр.07- 429/ 7<br>29.03.2011година

Совет на општина Македонски Брод<br>П р е т с е д а т е л,<br>Анета Симеска Димоска с.р

По барање бр.07-сл од 28.03.2011 година од Здружение на граѓани од горните села на Порече - Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 март 2011 година,донесе

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година го разгледа поднесеното барање од Здружение на граѓани од горните села на Порече - Брод

Советот на општина Македонски Брод во целост го разгледа поднесеното барање и се заложи и застана на страната на граѓаните од овој крај како институција која е надлежна да ги штити нивните интереси а со една единствена цел да даде подршка на иницијативата за измена на Одлуката за изградба на магистрални и регионални патишта од 09.09.1997г за изградба на Регионалниот пат од Гостивар – Србиново-Растеш, да стои Гостивар – Куново - Растеш (преку с.Битово а за с.Волче) од м.в Пеклишта а со цел поврзување на горните села од Поречието со Регионалниот пат Гостивар –Куново –Растеш што не е реализирана.

Бр.07- 429/22

29.03.2011год

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л,

Анета Симеска-Димоска с.р

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.03.2011година по дискусија од страна на советниците донесе ЗАКЛУЧОК да се изнајде решение за поставување на санитарен чвор на градскиот пазар во општина Македонски Брод.

Бр.07- 429 / 21
29.03.2011година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Анета Симеска Димоска с.р

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година ..............................................стр. 1

Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година ..........................................................................................стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлуката за комунален ред во општина Македонски Брод ......................................................................................................................стр. 4

Одлука за комунален ред во општина Македонски Брод ..........................................стр. 5

Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4071, Македонски Брод .........................................................................стр. 26

Одлука за усвојување на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објект базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4071, Македонски Брод ......стр. 27

Заклучок ..............................................................................................................стр. 28

Годишен извештај за реализација на Програмата за локален развој на Општина Македонски Брод за 2010 година ......................................................................стр. 29

Програма за локален развој на Општина Македонски Брод за 2011 година ...........стр. 31

Заклучок ..............................................................................................................стр. 38

Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Македонски Брод за 2010 година ..............................................................стр. 39

Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2011 година ..................................................................................................................стр. 41

Програма за урбанистичко планирање на територијата за Општина Македонски Брод за 2011 година ....................................................................................................стр. 45

Заклучок за прогласување на Одлуката за сопствено учество во изградба-модернизација на локален патен правец Самоков-Ковач општина Македонски Брод ....................................................................................................................стр. 49

Одлука за изградба-модернизација на Локалниот патен правец Самоков-Ковач општина Македонски Брод ...........................................................................стр. 50

Одлука за сопствено учество во изградба-модернизација на Локалниот патен правец Самоков-Ковач општина Македонски Брод ..............................................................стр. 51

Заклучок за прогласување на Одлуката за довршување на локалниот водовод за с.Грешница општина Македонски Брод ...................................................................стр. 52

Одлука за довршување на локалниот водовод за с.Грешница општина Македонски Брод
....................................................................................................................стр. 53

Заклучок ....................................................................................................................стр. 54

Заклучок ....................................................................................................................стр. 55

Заклучок ....................................................................................................................стр. 56

Заклучок за прогласување на Одлуката за финансиско учество во проект од Програмата „Форум во заедниците“ ..............................................................................................стр. 57

Одлука за финансиско учество во проект од Програмата „Форуми во заедницата“
....................................................................................................................стр. 58

Заклучок за прогласување на Одлуката за оттуѓување на училишната зграда во с.Могилец општина Македонски Брод ...............................................................стр. 59

Одлука за оттуѓување на училишната зграда во с.Могилец општина Македонски Брод
....................................................................................................................стр. 60

Заклучок ....................................................................................................................стр. 61

Заклучок ....................................................................................................................стр. 62

Заклучок ....................................................................................................................стр. 63

Заклучок ....................................................................................................................стр. 64

Заклучок ....................................................................................................................стр. 65

Заклучок ....................................................................................................................стр. 66